A- A A+

(https://www.facebook.com/mvr.gov.mk/) (https://www.youtube.com/user/MVRMacedonia1231)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
Последни вести (/vesti)
Министерство (/page/ministerstvo)
Фото галерија (/foto-galerii)
(/default)
МИНИСТЕРСТВО (/page/ministerstvo) АНАЛИЗИ И СТАТИСТИКИ (/analizistatistiki/site) ПРОЕКТИ И КАМПАЊИ ЛЕГИСЛАТИВА ЛИНКОВИ УСЛУГИ (/page/vidovi-uslugi) МЕДИА ЦЕНТАР

Дневни билтени

**2015**

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

**2016**

**2017**

**2018**

**2019**

**2020**

## Извадок на дел од дневни настани 25.08.2019

На 24.08.2019 во 20.30 часот, врз основа на судска наредба, полициски службеници извршиле претрес во домот на А.Џ. во Тетово. При претресот биле пронајдени и одземени карабин калибар 8 x 57 ЈС, три куршуми калибар 8x57 и една рамка за автоматска пушка со 21 куршум калибар 7.62 мм. Лицето било приведено во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодвена пријава.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против Л.Г.(34) и А.В.(39), двајцата од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело ,,неовластено производство и пуштање во промет наркотични droги, психотропни супстанци и прекурсори‟. На 13.08.2019 година во населба „Лагадин‟ во Охрид‟ полициски службеници извршиле преглед на патнички возила сопственост на пријавените и апартман во кој престојувале, при што пронашле и одзеле околу три килограми марихуана и кокаин.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Струга поднесе кривична пријава против Н.П.(46) од Вевчани поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „злоупотреба на службена положба и овластување‟. Во април и август 2018 година пријавениот, како референт за превоз во Подрачно шумско стопанство Јабланица, изработил две одобренија за сеча во парцела во приватна сопственост, при што не ја утврдил точната локација на парцелата и извршил маркација за сеча на 30 м3 дрва на друга парцела, сопственост на С.Т. од Охрид, за која истиот немал дадено согласност за сечење на дрва. Со ова, пријавениот на С.Т. му нанел штета од 210.000 денари.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Н.Ф.(42) од Тетово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „лихварство‟. На 28.05.2019 година Д.М.(24) од Тетово од пријавениот побарал на заем 200 евра, кои требало да ги врати за седум дена, како и дополнителни 100 евра за услугата. Д.М. не успеал да ги врати парите во договорениот рок и побарал продолжување на рокот до 04.07.2019 година.

Но и во тој рок не успеал да ги врати парите, по што пријавениот почнал да му праќа пораки со заканувачка содржина.

На 24.08.2019 околу 12.30 часот на магистралниот пат Радовиш – Струмица, кај клучката за с.Воиславци, полициски службеници пронашле паркирано товарно моторно возило „Мерцедес‟ со скопски регистарски ознаки. При преглед во возилото биле пронајдени 30 лица - мигранти (24 од Пакистан, три од Ирак, две од Сирија и едно од Судан). Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 24.08.2019 околу 20.10 часот на паркинг на булевар „Видое Смилевски Бато‟ патничко моторно возило марка „фиат пунто‟ со тетовски регистарски ознаки, управувано од Т.Г.(38) од Тетово удрил во велосипедистот А. И. (45) од Тетово. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобил А.И. по што бил пренесен во Клиничката болница во Тетово. Увид на местото на настанот извршила увидна екипа од СВР Тетово.

На 25.08.2019 во 00.10 часот на улица „532" во с.Марино, скопско, се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко моторно возило „шкода фабиа" со скопски регистарски ознаки, управувано од Т.Г.(49) од Скопје и мотоцикл „линбен" управуван од малолетник, а на кој се превезувал друг малолетник. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобиле двајцата малолетници кои биле пренесени во Комплексот клиники „Мајка Тереза" за укажување на лекарска помош. Увид на местото на настанот извршила увидна екипа од СВР Скопје.

На 24.08.2019 околу 16.50 часот на улица „Народна револуција" во Куманово полициски службеници го привеле Д.Ј.(37) од Куманово поради тоа што кај него била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 24.08.2019 во 20.00 часот на ул.„Димитар Влахов" во Велес, врз основа на судска наредба, полициски службеници го привеле О.Д.(45) од с.Бузалково, велешко, за издржување казна затвор. При приведувањето, О.Д. давал отпор и нападнал полициски службеник.

На 24.08.2019 во 22.50 часот во СВР Куманово, од Итна медицинска помош било пријавено дека во автобус на Граничниот премин Табановце на излез од РСМ починал Ф.С.(71) од Унгарија. Лекар констатирал смрт без траги на насилство, а увид извршила екипа од СВР Куманово во присуство на сестрата на починатиот и возачот на автобусот, двајцата од Унгарија. Известен е јавен обвинител.

На 24.08.2019 во 00.10 часот во СВР Скопје, В.А.(63) од с.Трубарево пријавил дека на улица ,,5" во с.Трубарево неговиот внук бил физички нападнат од С.С. и С.С.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 25.08 2019 во 00.10 часот во Полициска станица Кичево, Д.С.(63) од Кичево пријавил дека во близина на Железничката станица во Кичево бил каснат од куче скитник во пределот на левата нога.

На 25.08.2019 во 02.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека пред дискотека во градскиот парк бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу К.Н.(23) и Д.П.(20), двајцата од Скопје. По документирање на случајот ќе бидат поднесени соодветни поднесоци.

На 24.08.2019 во 14.00 часот во Полициската станица Кичево било пријавено дека пред пицерија на улица ,,Рудничка” Б.Н.(48) бил физички нападнат од лице кое било под дејство на алкохол.

На 24.08.2019 во 20.35 часот во СВР Битола било пријавено дека настанал пожар во населба Стрелиште, при што горела сува трева. Противпожарната единица од Битола го изгаснала пожарот.

На 24.08.2019 во 18.00 часот во СВР Скопје, В.К.(33) од Скопје пријавил дека на булевар ,,К.Ј. Питу” бил физички нападнат од неколку лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 24.08.2019 околу 09.15 часот во СВР Скопје било пријавено дека на улица „Брсјачка буна”, бил запален оган во депонија. Од екипа на Бригадата за противпожарна заштита Скопје пожарот бил изгаснат.

На 25.08.2019 околу 03.00 часот во Полициската станица Кичево било пријавено дека пред пицерија на улица ,,Гоце Делчев”, Н.Д.(28) од Битола и Д.Б.(27) од Кичево биле физички нападнати од неколку лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 24.08.2019 во 04.30 часот во СВР Скопје, Г.К.(40) пријавил дека на бул. ,,Партизански одреди” бил физички нападнат од неколку лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

(/profilepage/zamenik-minister)

» Државен секретар (/profilepage/drzhaven-sekretar)

» Биро за јавна безбедност (/page/biro-za-javna-bezbednost)

» Јавен ред и мир (/analizistatistiki/javen-red-i-mir)

» Гранични работи (/granichni-premini)

» Криминалитет (/analizistatistiki/kriminal)

» Собрание

» Јавно обвинителство (http://www.jorm.org.mk/)

» Центар за обука (/profilepage/pomoshnik-minister-co)

» Закажување со лични документи (/kontakt-centar)

» Адреси и контакт телефони (/Upload/Documents/Adresi-i-kontakt-telefoni.pdf)

» Архива (http://www.mvr.gov.mk/DesktopDe
tabindex=0&tabid=127)

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет

(https://www.facebook.com/makedonskapolicija/) (https://www.youtube.com/user/MVRMacedonia1231)